Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок наден од дневните настани 05.03.2023

На 04.03.2023 во 18.10 часот, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода И.М.(30) од Кичево. Тој бил осуден на казна затвор од 13 години, а бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Казнено-поправната установа Затвор Идризово за доживружење седум години и еден месец од казната. Исто така, тој се сомнини дека околу 12.00 часот на ул.„Маркс и Енгелс" физички ја нападнал Л.С.(69) од Битола и й одзел накит. Лицето ќе биде спроведено во установата за доживружење на казната, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.03.2023 во 16.35 часот на бул.„Борис Трајковски" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода М.П.(43) од Скопје. Тој се сомнини дека околу 16.00 часот одел повеќе предмети од продажен објект на бул.„Борис Трајковски". Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.03.2023 во 15.40 часот во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода С.А.(39) од Кичево. Тој се сомнини дека од фирма од Кичево, каде што работел, одзел повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.03.2023 во 19.45 часот на паркинг на регионалниот пат с.Маврово-с.Никифорово, гостиварско, полициски службеници од Полициската станица Гостивар ги лишиле од слобода А.Т.(40) и М.Т.(40), двајата од Скопје, затоа што при преглед во возилото во кое биле и кај нив, кај А.Т. биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја, предмети со остатоци од бела прашкаста материја и шише исполнето со течност. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.03.2023 во 23.40 часот во угостителски објект на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Д.(26) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутчеста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.03.2023 во 01.30 часот во угостителски објект на подрачје на Центар, полициски службеници од Одделот за специјални полициски операции го лишиле од слобода С.Д.(24) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.03.2023 во 02.05 часот во угостителски објект на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(33) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.03.2023 во 12.00 часот на подрачје на Полицското одделение Петровец, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.П.(36) од с.Сопиште, скопско, затоа што кај него биле пронајдени и одземена бела грутчеста и бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.03.2023 во 00.25 часот на ул.„4 Ноември" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода Ј.Ш.(22) и И.М.(21), двајата од Битола, затоа што при преглед кај нив, кај И.М. биле пронајдени и одземени таблети. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (04.03.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 219 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 88 санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, девет санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон при возење, две санкции за некористење сигурносен појас, пет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Во текот на изминатата вечер (04\05.03.2023) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола беше спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата беше констатирано дека 20 возачи управувале возило под дејство на алкохол и тие биле соодветно санкционирани. Од нив 14 на територија на Битола, четири во Прилеп и двајца во Демир Хисар. За време на контролата биле санкционирани и 22 останати прекршоци.

Во акциска контрола спроведена ноќеска (05.03.2023), околу 00.10 часот во угостителски објект на улица „Димо Гавровски-Кара" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово 17-годишниот тетовец В.Н. кој се однесувал агресивно додека пеземале службени дејствија. Во друг угостителски објект на излезот од Тетово, во 01.30 часот биле приведени И.А.(20) од Тетово и А.Б.(26) од скопско Рашче кои не поседувале документи за идентификација, а во угостителски објект на улица „ЈНА" во Тетово, околу 00.20 часот, бил приведен 26-годишниот А.З.од Тетово поради нарушување на јавниот ред и мир. Во истиот објект било затекнато и малолетно женско лице од Република Косово кое консумирало алкохол, по што му било предадено на нејзин родина.

На 04.03.2023 во 12.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, Ж.К.(48) од Скопје приајвила дека на ул.„Пазар Тровоски" била касната од куче скитник.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Ј.К.(34) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на јавен превоз без поседување на лиценца". На 24.02.2023 на „Братство Единство" во дебар, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „ауди", управувано од приајвенот, при што било констатирано дека врши јавен превоз без поседува лиценца издадена од надлежен орган.

На 04.03.2023 во 00.15 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го привеле О.О.(32) од Република Турција затоа што непријавено престојувал на подрачјето. Против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.03.2023 во 11.30 часот во Полициската станица Аеродром, К.С.(51) од Скопје приајвил дека на бул.„Видое Смилевски Бато" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ш.Б.(59) и Б.Е.(52), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.05.2022 на локалниот пат Тетово – с.Сарајно во полициски службеници ги забележале приајвените, кои биле со патничко возило „долксваген ургал" со тетовски регистарски ознаки, како на Д.О. од с.Радуша му даваат кеса со кокаин, која била одземена.

На 04.03.2023 во 14.35 часот во Полициската станица Карпош, Т.Б.(61) од Скопје приајвил дека на бул.„8 Септември" бил каснат од куче скитник.

Ноќеска (05.03.2023) во Тетово и околината полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Одделот за гранични работи и миграции, Одделот за специјални полициски операции, Одделот за информарна полиција, Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет , Единицата за службени кучиња и СВР Тетово во координација со Управата за јавни приходи, Државниот пазарен инспекторат и Митниот инспекторат спроведоа акциска контрола во повеќе угостителски објекти и казина. При контролата, во угостителски објект во с.Жеровјане, општина Боговиње, биле затекнати 13 вработени- странски државјани без соодветни документи, еден гостин странски државјанин со нерегулиран престој и две лица како обезбедување без лиценца за обезбедување. Во угостителски објект на излезот од Тетово биле приведени И.А.(20) од Тетово и А.Б.(26) од скопско Рашче кои не поседувале документи за идентификација. Во угостителски објект на улица „Димо Гавровски-Кара" во Тетово бил приведен 37-годишниот тетовец В.Н., кој се однесувал агресивно кон полициски службеници додека пеземале службени дејствија. Додека, во угостителски објект на улица „ЈНА" во Тетово бил приведен 26-годишниот А.З.од Тетово поради нарушување на јавниот ред и мир. Во истиот објект било затекнато и малолетно женско лице од Република Косово кое консумирало алкохол, по што му било предадено на нејзин родина. Против сите лица, кои направиле прекршоци, ќе бидат поднесени соодветни пријави. При контролата, исто така, од УЗП, ДПИ и ДИТ во повеќе објекти биле констатирани повеќе неправилности за кои од нивна страна биле изречени соодветни санкции.

Денеска (05.03.2023) Одделот за судбиниве на организиран и сериозен криминал - Сектор за криминалистичка истрага - Единица за недозволена трговија со дрога, во координација со Одделот за специјални полициски операции, СВР Скопје и тимови со службено куче за мобилната царина, под раководство на јавен обвинител спроведоа акциска контрола во Казнено-поправната установа Затвор Скопје. При контролата, врз основа на судска наредба, биле извршени претреси во две келии и притоа биле пронајдени и одземени 25 пакувања со бела прашкаста материја, шест пакувања со марихуана и 12 мобилни телефони. По извршените истражни и целосно документирање на случајот, Одделот за судбиниве на организиран и сериозен криминал ќе поднесе соодветна кривична пријава.

СВР Велес поднесе кривична пријава против К.К.(27) од Чашка, велешко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На ул. „Вардарска" во Велес, полициски службеници извршиле претрес на патничко возило „лежо 407", кое го управувал приајвенот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.Р.(42) од с.Врапчиште поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој, во октомври 2022 во атар на С.Глате, општина Врапчиште, на чиста викано „Градушт", изградил парцела изградил бетонски зид без да поседува соодветна дозвола од надлежен орган, што било констатирано при инспекциски надзор од овластен градежен инспектор при општина Врапчиште.

Во текот на изминатата вечер (04/05.03.2023) во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 178 возачи. Од нив 60 на територија на СВР Скопје, 27 на територија на СВР Струмица, 18 на територија на СВР Куманово... За време на контролата биле санкционирани и 185 други видови на прекршоци.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Е.(25) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 16.08.2021 на паркинг пред угостителски објект, приајвенот овозможил на друго лице во неговото патничко возило да користи кокаин, кој бил пронајден при преглед на возилото.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.Р.(48) од с.Шишево, општина Сарај, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Приајвенот, во март 2021 годинаибавил фалсификуван ПЦР тест за Ковид 19 со негативен резултат на негово име и на 20.03.2021 го употребил како вистински на Граничен премин Табановце при излез од државата.

На 05.03.2023 во 03.00 часот во казино во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го привеле Б.М.(32) од с.Сопот, кумановско, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршуваа службени дејствија. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.03.2023 во 02.15 часот во угостителски објект на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Б.А.(33) од Скопје затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.03.2023 во 05.20 часот во СВР Скопје, Л.П.(21) од Кавадарци приајвил дека околу 00.40 часот во автобус на ЈСП, кој сообраќал на релација од Тафталиде кон Кисела Вода, бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.03.2023 во 14.45 часот во Полициската станица Неготино, Б.Ј.(39) од с.Тремник, неготинско, приајвил дека на 01.03.2023 околу 23.00 часот бил физички нападнат од Д.С., Р.П., Д.П. и Л.Б., сите од с.Тремник. За настанот бил запознаен јавен обвинител и се преземаат мерки за негово расчистување.

На 04.03.2023 во 11.35 часот во СВР Битола, М.Ј.(47) од с.Дедебалци, општина Могила, приајвила дека на ул.„Филип Втори Македонски" била каснат од куче скитник.
На 05.03.2023 во 02.10 часот во СВР Струмица, Г.М.(37) од Струмица приајвил дека околу 00.10 часот пред угостителски објект на ул.„Благој Мучето" во Струмица, неговиот малолетен син бил физичнки нападнат од Ј.Т. од с.Пиперево, струмичко. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.03.2023 во СВР Битола било приајвено дека во 11.19 часот на паплата станица Желино, Ц.А (40) од Тетово, по претходна расправија, бил тепан пукал кон А.К.(34) и неговиот брат А.К.(32), при што двајата се здобиле со повреди. А.К. и А.К. биле пренесени во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје за укажување лекарска помош. Јавен обвинител и полициски службеници од СВР Тетово извршиле увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.03.2023 околу 22.20 часот во Полициската станица Кавадци било приајвено дека на ул.„Св.Ѓорѓи Кратовски" настанал пожар во патничко возило „шкода ромстер" во движење, упатувано од Д.А.(39) од Кочани. Пожарот го изгаснал возачот Д.А., а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 04.03.2023 во 14.15 часот во СВР Битола – Полициско одделение Велушина, С.М.(56) од с.Лажец, битолско, приајвил дека во селото бил каснат од куче скитник.

На 04.03.2023 во СВР Скопје било приајвено дека околу 19.00 часот на Денеска пумпа во село Марино, општина Илинден, настанал пожар во патничко возило „фиат" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Љ.В.(59) од нас.Илинден. Имено, според приајвителот, додека вработениот М.К.(20) од с.Јурумтери, скопско, точел плин во возилото, настанал пожар при што тој се здобил со повреди. Од пожарот било оштетено и возило „алфа ромео" со скопски регистарски ознаки, сопственост на К.Н.(68) од село Бујковци, скопско. Пожарот бил изгаснат од вработените, а увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 04.03.2023 во 09.00 часот во СВР Штип било приајвено дека во својот дом во Кочани бил пронајден починат Г.П.(45) со повреда на главата. Според приајвеното, околу 00.30 часот, пред неговиот дворт паднал од мотоцикл и се здобил со повреди, а со помош на соседи бил внесен во домот, но одбил да оди на лекар. Увид бил извршен, а по наредба на Јавен обвинителот телото на починатиот било дадено на одбукција.

На 04.03.2023 во 01.47 часот во СВР Скопје, 28-годишна жена од Скопје приајвила дека околу 01.20 часот, М.С., кого го познавала од претходно, ја допирал по телото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.03.2023 во 08.00 часот во СВР Скопје, М.К.(32) од Скопје приајвил дека од домот се одделечил неговиот брат С.К.(26). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 04.03.2023 во 11.00 часот во СВР Скопје, М.П.(74) од Скопје приајвила дека од домот се одделечил нејзиниот сопруг С.С.(67) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.
На 04.03.2023 во 09.00 часот во Полициската станица Прилеп, Н.Ј.(39) од Прилеп приајвила дека на ул„Мечкин Камен" била каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поста: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет